Бр. 02-1926/2
24-03-2020
Скопје

Врз основа на член 5 став 2 и член 14 став 1 и 2 од Правилникот за начинот за исплата и висината на надоместоците за селидбени трошоци, трошоци за превоз, вршење на слуба за дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување и служба под посебни услови на активниот, воен и цивилен персонал во Армијата на Република Северна Македонија, бр.01-1926/1 од 24.03.2020 година, а во врска со член 188 став 3 од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 275/19 и 14/20), министерката за одбрана на Република Северна Македонија донесе

# РЕШЕНИЕ
## за утврдување на висината на надоместок за вршење на дежурство, стражарска служба и служба на посебни воени објекти

1. Висината на надоместокот за вршење на служба за дежурство, стражарска служба, служба на посебни воени објекти и за време поминато на трупно патување изнесува 610,00 (шестотиниидесет) денари.
2. Висината на надоместокот за ангажирање во услови на вонредна состојба изнесува 793,00 (седумстотинидеведесетитри) денари.
3. Висината на надоместокот за ангажирање во услови на кризна состојба изнесува 793,00 (седумстотинидеведесетитри) денари.
4. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Изработил: Цвета Спасеска
Одобрил: Драган Николиќ

МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА
Радмила Шекеринска Јанковска